УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА
КУМАНОВО

# ЉУБИЦА НАКОВА-ДОНСКА

6 — 21 МАРТ 1981



*ЉУБИЦА НАКОВА — ДОНСКА, сликар од Штип. Завршила среднотехничко училиште (архитентонски оддел) и виша педагошка академија-ликовен смер во класата на Вангел Коџомон во Скопје.*

*Работи како повеќегодишен ликовен педагог а со сликарството се бави повеќе од две децении. Член е на друштвото на Ликовни Уметници во Штип од неговото формирање.*

*САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ;*

*Во Штип 1957, 1966 и 1980 г; Струмица и Пробиштип 1958, Сремска Митровица 1965, Штип (во Астибо) 1981 година.*

*ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ;*

*Штип (четворица сликари) 1957, Меѓународна изложба на жени сликари во Штип 1978 год, Изложба на ликовни педагози во Штип 1980 г., Редовно излага на сите традиционални изложби на ДЛУШ од неговото формирање.*

*— Добитник е на наградата „8-ми НОЕМВРИ 1980“ на град Штип.*

*Љубица Накова Донска како творец на акварелот се повеќе е присатна во нашата ликовна јавност. Таа спаѓа во редот на сликари-акварелисти кои се малубројни, бидејќи за оваа сликарска техника многу малку од сликарите се определуваат да го спроведат своето ликовно дело.*

*Токму таа е еден од творци која исцело се посветила на акварелот. Подолго време таа работи во оваа сликарска техника, успевајќи да ги совлада сите битни креативно-технички законитости во творењето.*

*Нејзиното школување во техничкото училиште (архитектонски оддел) допринело да со сигурност владее во конпонирањето а со тоа нејзиното дело да биде поконструктивно и и поиздржано.*

*Студиите на педагошката академија во класата на академикот Вангел Коџоман се уште еден прилог и тоа од голема важност за акварелот на Донска. Тука таа се здобива со елементите кои го компонираат акварелот, свежината, ритмичноста на потегот, одмерениот колорит, логичната целина и мн. друго.*

*Истрајноста во работата на Донска допринела во нејзините акварели да успее да го спроведе чувството за супитилноста и лирско расположение, како и доставување на архитектурата во пејсажот, нудејќи ни секогаш своевидно доживување на убавите мотиви проткаени со колористичка хармонија. Исто така со успех ја обработува македонската стара архитектура, подвлекувајќи ја интимноста преку формата и деталите кои внимателно ги решава без да се одрази на бојата туку напротив ја прави побогата и по пријатна.*

*Таа секогаш умее да избере мотив колористички обогатен со елементи на природата и урурбанизираноста.*

*Во прилог на сето ова да подвлечеме дека ДОНСКА успеала творечки да се најде себеси и да си го обезбеди местото меѓу познатите наши акварелисти: Љубомир Белогаски, Тофе Шулајковски, Зага Малинковска и други.*

## Убавата старица



# К А Т А Л О Г

1. НА КРАЈ СЕЛО
2. ОХРИДСКО ЕЗЕРО
3. СЕЛО
4. ШУМА
5. МОТИВ ОД ШТИПСКО НОВО СЕЛО
6. СТАРИОТ ГРАД
7. ОСАМЕНА КУКИЧКА
8. УТРО
9. КВЕЧЕРИНА
10. РИБАРСКИ КУКИ
11. ДОЈРАНСКО ЕЗЕРО
12. УЛИЦА
13. ВЕЗИЛКА
14. ПОГЛЕД КОН ЕЗЕРОТО
15. ПРОДОР НА СВЕТЛИНАТА
16. ЗИМА НА ОБОЗНА
17. Св. ИЛИЈА
18. ОХРИДСКО ЕЗЕРО
19. ЗЛЕТОВСКА РЕКА
20. КОНТРАСТИ
21. ЕСЕН
22. ЗИМА
23. ШУМСКА ПАТЕКА
24. ОХРОДСКО ЕЗЕРО
25. СТАРА АРХИТЕКТУРА
26. УБАВАТА СТАРИЦА

*ИЗЛОЖБАВА Е ОРГАНИЗИРАНА ПОД ПОКРОВИТЕЛСТВО НА „ЧИК“ — КУМАНОВО*